Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 05-621/8
04.03. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство,трговија
и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307-26
04.03. 2024 год
ТЕТОВО

# ДОГОВОР
## за набавка на стоки

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Национална установа Национална опера и балет со седиште во Скопје, бул. Гоце Делчев број 4, застапувана од директор м-р Васо Ристов (во понатамошниот текст *договорен орган*) од една страна,

и

2. Друштво за производство,трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз од Тетово , ул.Браќа Миладинови бр.1, со даночен број МК 4028990103786,ЕМБС 4169603 застапувано од управителот Александар Савиќ(во понатамошниот текст *Носител на набавката*) од друга страна.

II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на стоки – Тонери (за фотокопири и принтери), за потребите на договорниот орган согласно понудата доставена по огласот за набавка од мала вредност бр. 02226/2024, со Рамковна спогодба.

III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на набавката ќе се утврди збирно, според поединечните услуги извршени до истекот на рокот на важност на овој договор.
Вкупната вредност на Договорот не може да ја надмине висината на средствата обезбедени од договорниот орган за оваа намена, односно износот од 300.000 денари без ДДВ, ДДВ 54.000 денари, вкупно со ДДВ 354.000 денари.
Не е предвидена корекција на цените, односно цените искажани во понудата на Носителот на набавката ќе бидат фиксниза целото времетраење на Договорот за јавна набавка
Набавувачот нема обврска да ја реализира во целост вредноста на договорот

V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година од денот на потпишувањето и заверката на договорот.

VI.ЦЕНА

Член 5

Поединечната цена на услугите, ќе се утврдува според видот на извршената услуга, согласно единечните цени од понудата на Носителот на набавката, доставена по огласот за набавка, и тоа изнесува 4.600,00 денари без ДДВ, 828,00 ДДВ, вкупно со ДДВ 5.428,00 денари.
Понудата е составен дел на овој договор.

**VII. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА**

**Член 6**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорача на следниов начин – сукцесивно во период од една година од склучувањето на договорот за јавна набавка. Кога станува збор за нарачка на стоките, испораката се врши во рок од 3 дена по доставена порачка и тоа на локација Национална опера и балет, бул. Гоце Делчев бр.4,Скопје.
Рокот и местото на испорака се задолжителни. Секоја понуда која содржи рок и место на испорака поинакови од тие утврдени во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

VIII. ОБВРСКА НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на стоките според видовите и цените кои се дадени во понудата.
Носителот на набавката е должен да ги испорачува стоките предмет на набавка, согласно потребите на договорниот орган, врз основа на барање за видовите и количината на стоките, потпишано од овластено лице во Национална опера и балет и заверено со печат.
Секоја испорака на стоки од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со барањето или ќе биде извршена без барање издадено од договорниот орган, ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и иститe ќе паднат на товар на носителот на набавката
Стоките ќе се испорачуваат со испратница на носителот на набавката, која мора да ги содржи истите податоци како во барањето од договорниот орган.
Испратницата ја потпишуваат магационерот кај договорниот орган, одговорното лице кај носителот на набавката и лицето кое испорачува.
Еден примерок од испратницата се предава на магационерот кај договорниот орган, еден примерок задржува носителот на набавката и еден примерок задолжително се доставува заедно со фактурата до договорниот орган.
Кон фактурата, покрај испратницата носителот на набавката приложува и копија од барањето/порачката. Доколку доставената фактура не ја содржи пропратната документација (испратница и копија од барањето /порачката) нема да се реализира и истата ќе биде вратена за дооформување

IX. ОБВРСКА НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 8

Договорниот орган се обврзува плаќањето по извршената испорака на стоки да го врши врз основа на доставена фактура и пропратна документација во рок од 30 дена од приемот на фактурата.

## X.НАЧИНИ, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 9**

Се предвидува следниов начин на плаќање: Начин на плаќање е сукцесивно во рок **30 (триесет) дена по доставена фактура** по завршената испорака на стоката и по потпишување на испратница изготвена од економскиот оператор на која ќе се потпишат испорачувачот на стоката и примачот на услугата.

Трошоците за изготвување на фактурата и доставување до просториите на договорниот орган паѓаат на товар на економскиот оператор.

Уредно потпишаната испратница за извршената испорака претставува основ за плаќање на доставената фактура.

## XI. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Во случај на доцнење за испорака на услугите предвидени во техничката спецификација ,по вина на Економскиот оператор, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорена казна – пенали, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната услуга предмет на овој Договор

## XII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 11

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, а во колку тоа не е можно, спорот ќе се решава во стварно надлежниот суд во Скопје.

## XIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, а особено доколку не го почитува договорениот рок за испорака на услугите, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок од три дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок од три дена, другата договорна страна, може да го раскине договорот, без отказен рок.

Член 14

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штетата.

Член 15

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна во писмена форма, без одлагање.

Договорот ќе се смета за раскинат со самото доставување на отказот.

Член 16

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 17

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## XIV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 18

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 19

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 21

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои два за носителот на набавката, а четири за потребите на договорниот орган.

Договорен орган
Национална опера и балет
Директор, м-р Васо Ристов

Носител на набавката
ЕКОС ДООЕЛ Тетово
Директор, Александар Савиќ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional OPERA DHE BALETI NACIONAL
Скопје - Shkup
Примено: 20-02-2024
05-741/1

ЕКОС
ТОНЕРИ ,КАНЦЕЛАРИСКИ И ШКОЛСКИ МАТЕРИЈАЛИ
www.ekos.mk

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот објавен од страна на Националната установа Национална опера и балет, за доделување на договор за јавна набавка на стоки – тонери (за фотокопири и принтери) за период од една година, со спроведување на постапка за набавка од мала вредност, без електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

**I.1. Име на понудувачот: ДТПУ ЕКОС ДООЕЛ ТЕТОВО**

**I.2. Контакт информации**

**Адреса: ул.Браќа Миладинови бр.1**
- **Телефон: 070/389-596 ; 044/331-506**
- **Факс: ///**
- **Е-пошта:ekos_te@yahoo.com**
- **Лице за контакт: Деспина Стамеска**

**I.3. Одговорно лице: Александар Савиќ**

**I.4. Даночен број:МК 4028990103786**

**I.5.Матичен број : 4169603**

**I.6. Жиро сметка : 300-1100000061-90 Комерцијална Банка А.Д.**

## Дел II – Техничка и финансиска понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки: Тонер (за фотокопири и принтери)

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
| **Тонери (за фотокопири и принтери)** | | | | |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 1018, 1020, 1022 | парче | 1 | 300 | 54 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet MFP M125a | парче | 1 | 400 | 72 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP Laser Jet Pro M102 a | парче | 1 | 250 | 45 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro MFP M127 FN | парче | 1 | 250 | 45 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro P1102 | парче | 1 | 250 | 45 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 1100 | парче | 1 | 50 | 9 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 1536 dnf MFP | парче | 1 | 250 | 45 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro MFP M130 FN (комплет со бубањ - 19a) | парче | 1 | 350 | 63 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro MFP M26 nw | парче | 1 | 250 | 45 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 4200n | парче | 1 | 200 | 36 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro M15a | парче | 1 | 350 | 63 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Neverstop Laser 1000a | парче | 1 | 150 | 27 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за копир Canon Image runner 2202 | парче | 1 | 300 | 54 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за печатар XEROX WORKCENTRE 3025 | парче | 1 | 450 | 81 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за печатар XEROX-Phaser 3020 | парче | 1 | 350 | 63 |
| Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за печатар HP LaserJet Pro 227 | парче | 1 | 450 | 81 |
| | | Вкупно | **4.600** | **828** |

II.2. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **4.600** *[со бројки]* (**четири илјади и шестотини**) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува **828**.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

**Тетово,19.02.2024 година**

Одговорно лице

Aleksandar Savikj

Digitally signed by Aleksandar Savikj
DN: c=MK, ou=VAT - 4028990103786, 2.5.4.97=NTRMK-4169603, o=EKOS Dooel Tetovo, serialNumber=217095, title=upravitel, sn=Savikj, givenName=Aleksandar, cn=Aleksandar Savikj
Date: 2024.02.19 10:54:24 +01'00'

(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Технички спецификации**

| Р.бр. | опис | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 1018, 1020, 1022 | парче | 1 |
| 2. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet MFP M125a | парче | 1 |
| 3. | Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP Laser Jet Pro M102 a | парче | 1 |
| 4. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro MFP M127 FN | парче | 1 |
| 5. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro P1102 | парче | 1 |
| 6. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 1100 | парче | 1 |
| 7. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 1536 dnf MFP | парче | 1 |
| 8. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro MFP M130 FN (комплет со бубањ - 19a) | парче | 1 |
| 9. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro MFP M26 nw | парче | 1 |
| 10. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet 4200n | парче | 1 |
| 11. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Laser Jet Pro M15a | парче | 1 |
| 12. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за HP Neverstop Laser 1000a | парче | 1 |
| 13. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за копир Canon Image runner 2202 | парче | 1 |
| 14. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за печатар XEROX WORKCENTRE 3025 | парче | 1 |
| 15. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за печатар XEROX-Phaser 3020 | парче | 1 |
| 16. | Оргинанален фабрички тонер или нов произведен компатибилен (нерепариран), тонер за печатар HP LaserJet Pro 227 | парче | 1 |